Република Северна Македонија,
Бр. 09-107/31
23.12.2025 година

Предлагач: АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

ДО: ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: „ ПРЕПОРАКИ ОД ПАРТИЦИПАТИВЕН ФОРУМ“

ЕПП.бр._____:

Усогласеност со Годишната програма на Владата **ДА**

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:
ДА ДЕЛУМНО НЕ

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Влада

Карактер на материјалот:
- слободен пристап

Итност на материјалот: Не

Прилог:
Препораки од партиципативен форум

Дата на доставување на материјалот:
2025 година

ПОТПИС:
Вд. ДИРЕКТОР

Далибор Китановиќ

АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ

НАСЛОВ: „ ПРЕПОРАКИ ОД ПАРТИЦИПАТИВНИ ФОРУМИ“

ПОТПИС
ДИРЕКТОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ
ДАЛИБОР КИТАНОВИЌ

Скопје, 2025 година

1. Осврт по материјалот:

Доставување на Препораки од Партиципативен форум одржани во втора половина на 2025 година :

Втор Партиципативен форум одржан на 6ти ноември: **„Врсничко насилство како пречка за инклузивност и доверба меѓу заедниците.“**

Трет Партиципативен форум одржан на 27ми ноември : **„15 години Партиципативен форум“.**

Четврти Партиципативен форум одржан на 2ри декември: **„ Акциски план за унапредување на правата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија “.**

2. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства:

Побарани мислења од: Министерство за односи меѓу заедниците, Министерство за финансии, Министерство за европски прашања и Секретаријат за за законодавство.

3. Разгледани можни решенија:

Врз основа на член 23 став 1 алинеа 4 од Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија (Службен Весник на РСМ бр. 18/2020 од 27.01.2020 година), Директорот препораките од форумот ги доставува до соодветните органи на државна управа на секои шест месеци.

4. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:

5.Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог):

6.Решение кое се препорачува (со образложение):

Владата да ги разгледа и усвои препораките од партиципативниот форум

7. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:

Нема фискални импликации.

8. Очекувани влијанија:

Подобрена примена на стратегиите за интеркултурализам и социјална кохезија во Република Северна Македонија

9. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:

10. Клучни елементи за информирање на јавноста:

Веднаш по усвојувањето, препораките од партиципативниот форум ќе бидат објавени на веб страницата на Агенцијата.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

1. Назив на Предлог- „Препораки од партиципативни форуми“	2. Министерство / орган на државна управа: Агенција за остварување на правата на заедниците	
3. Цел на предлогот: Информација	4. Вид на предлог: Информација со предлог заклучок	
Контакт лице и звање: Ирена Оровчанец Раководител на одделение за следење на остварувањето, унапредувањето и заштитатат на правата на припадниците заедниците	Контакт тел./факс или е-пошта: тел. 070261062 irenaorovcanec@aopz.gov.mk	
5. Активност:		
6. Вид на барање: ( ) Регулатива во врска со ЕУ ( ) Друга нова регулатива	( ) Нова Спогодба ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма	( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми ( ) Спојување на две или повеќе програми
7. Целнабарањето / предложенатаактивност:		
8. ВрскасоВладинатапрограма:		

9. Фискалниимпликации:	**(илјади денари)**			
	2022година	**2023**	**2024**	**2025**
А. Вкупни трошоци за предлогот Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	0	0	0	0
В. Одобрени средства за предлогот Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	0	0	0	0
С. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А) Плати Стоки и услуги Капитал	0	0	0	0

Трансфери Вкупно				
D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	0	0	0	0
E. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д) Плати Стоки и услуги Капитал Трансфери Вкупно	0	0	0	0
F. Зголемување / намалување на приходите	0	0	0	0
G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците Извор: _____	0	0	0	0
10. Нето зголемување на бројот на вработени во врска со предлогот	0	0	0	0
11. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г)	/			
12. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение.	/			
13. Дата на завршување на проценката	/			
14. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:	/			
15. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:	/			
16. Измени побарани од Министерството за финансии:	/			
17. Одговорнаминистерството-предлагач:	/			
18. Одговор од Министерството за финансии:	/			

ПРЕПОРАКИ ОД ПАРТИЦИПАТИВЕН ФОРУМ

19. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:	/
20. Одобрено: 2025 год. Далибор Китановиќ Вд. Директор Агенција за остварување на правата на заедниците	

ПРЕПОРАКИ ОД ПАРТИЦИПАТИВЕН ФОРУМ

Агенција за Остварување на Правата на Заедниците

„ Препораки од Партиципативеп форум “

Скопје, 2025. година

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е основана со Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија (Службен весник на РСМ бр.18/2020 од 27.јануари 2020 год) заради следење на остварувањето и унапредувањето, заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% и надзор над спроведувањето на одредбите на законите со кои се утврдени тие права.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците е самостоен орган на државната управа во својство на правно лице со седиште во Скопје, чии основни надлежности се остварување и унапредување на правата на заедниците од областа на вработувањето, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, употреба на јазикот, образование (основно, средно и високо), културата и други области во кои со закон се утврдени правата на припадниците на заедниците.

Врз основа на член 23 од Законот за правата на заедниците кои се помалку од 20% од вкупното население во Република Северна Македонија, Агенцијата има обврска за организација на Партиципативен форум кој претставува неформално, советодавно и консултативно тело независно од Агенцијата кое го сочинуваат претставници на здруженијата кои ги застапуваат заедниците и кои делуваат на планот на остварување, унапредување и заштита на правата на заедниците и промовирање на меѓуетничките односи и општествената интеграција, со цел нивно активно учество во процесите на креирање на политики и одлучувањето за прашањата од нивен посебен интерес.

Во работата на Партиципативнилот форум учествуваат претставници на органите на државната управа и институции кои се надлежни да постапуваат во областите од значење на остварувањето, унапредувањето и заштитата на правата на заедниците и претставници од следниве институции: Министерство за односи меѓу заедниците, Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците, Управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците, Министерството за образование и наука, Министерството за култура и туризам, Министерството за социјална политика, демогрфија и млади, Министерството за дигитална трансформација, Министерството за локална самоуправа и останати институции во зависност од темата за расправа на Партиципативниот форум.

Во работата на Партиципативниот форум учествуваат и претставници на граѓански организации од турската, српската, влашката, ромската, бошњачката и останатите заедници.

По завршувањето на Партиципативните форуми Агенцијата изготвува заклучоци и препораки од работата на Партиципативните форуми и истите ги доставува до Владата на РСМ, надлежните министерства и соодветните органи на државната управа, на секои шест месеци. На тој начин граѓанските организации заедно со надлежните институции заеднички се вклучени во процесот на донесување на одлуки кои директно се однесуваат на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од вкупното население во РСМ.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка од Советот на Европа, во рамки на проектот „ Борба против омразата и нетолеранцијата во РСМ“ во втората половина на 2025 година на 6 ноември 2025 година во хотел „Александар Палас“ во Скопје организира Партиципативен форум на тема:

Втор Партиципативен форум - „Врсничко насилство како пречка за инклузивност и доверба меѓу заедниците.“

Настанот ги обедини претставниците на надлежните државни институции, граѓанскиот сектор, образовните установи и меѓународните партнери, со заедничка цел да се разгледаат предизвиците поврзани со врсничкото насилство и можностите за унапредување на инклузивноста во општеството.

Во рамките на првиот панел, посветен на врсничкото насилство како пречка за инклузивност, претставник од образовниот сектор даде детален преглед на законската рамка што го регулира ова прашање. Беше објаснето дека законите за основно и средно образование содржат конкретни одредби за превенција, идентификација и постапување во случаи на насилство.

Вториот панел беше посветен на презентацијата на анализата „Младински активизам за инклузивно општество“. Претставник од Институтот за човекови права ги изложи резултатите од анкети, теренски активности и работилници спроведени во повеќе општини. Извештајот укажува дека врсничкото насилство, говорот на омраза и дискриминацијата се присутни во сите возрасни групи, при што проблемите се појавуваат уште во најраните фази од образованието.

Во заклучните согледувања се подвлече дека изградбата на инклузивно и безбедно општество претставува заедничка обврска на институциите, образовните установи, родителите, граѓанскиот сектор и младите. Само преку заедничко делување, доследно спроведување на законските механизми и инвестирање во превенција и образование може да се обезбеди средина во која секое дете ќе расте без страв, со почит и со еднакви можности.

На крајот од настанот беа предложени неколку заклучоци и препораки:

- потребно е зајакнување на институционалната координација и надградување на капацитетите на образовните институции и социјалните служби заради сузбивање на врсничкото насилство и развивање долгорочни превентивни стратегии кои ги вклучуваат училиштата, семејствата и заедницата.
- врсничкото насилство е присутно во сите сегменти од животот на младите, во училиштата, во јавниот простор, но се поприсутно е во онлајн просторот и поради брзината со која се пренесуваат информациите но и последиците од насилството.
- нема јасни претпоставки за постоење на врсничкото насилство врз етничка припадност во рамките на училиштата, но надвор од училиштата, во јавниот простори, вклучувајќи го и онлајн просторот насилството е се повеќе присутно
- создавањето на можности за интеркултурна комуникација, заеднички активности и практики кои ги надминуваат јазичните и етничките бариери се неопходни за изградбата на инклузивно и безбедно општество што претставува заедничка обврска на институциите, образовните установи, родителите, граѓанскиот сектор и младите.
- преку заедничко делување, доследно спроведување на законските механизми и инвестирање во превенција и образование може да се обезбеди средина во која секое дете ќе расте без страв, со почит и со еднакви можности.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје на 27ми ноември 2025 година во хотел „Хилтон“ во Скопје организира Партиципативен форум на тема:

Трет Партиципативен форум - **„15 години Партиципативен форум“.**

Партиципативниот форум, чиј јубилеј со гордост се одбележи , претставува една од најуспешните и најпрепознатливи неформални платформи за дијалог во државата. Во изминатите години, Форумот се наметна како пример за добра пракса не само на национално, туку и на регионално ниво, стремејќи се да прерасне во еден од клучните механизми за унапредување, остварување и заштита на правата на заедниците .

Настанот уште еднаш ја потврди важноста на дијалогот, довербата и партнерството во градењето инклузивни политики и општество во кое секој глас е слушнат и вреднуван .
Главна дискусија на настанот беше за значењето и улогата на Партиципативниот форум во изминатата деценија и половина, особено во делот на:
- унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците,
- подобрување на дијалогот меѓу институциите и заедниците,
- промовирање на меѓуетничката соработка и општествената интеграција.

Главна препорака:

- **Агенцијата за остварување на правата на заедниците да продолжи и понатаму да организира Партиципативни форуми на теми кои се од суштинска важност за правата на заедниците под 20% во РСМ.**

Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка од со поддршка од Европската унија, Советот на Европа и Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во Скопје на 2ри Декември 2025 година во „Клубот на пратеници“ во Скопје организира Партиципативен форум на тема:

Четврти Партиципативен форум - „ Акциски план за унапредување на правата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија “.

Во рамки на развивањето Акциският план за унапредување на правата на припадниците на заедниците во Северна Македонија со поддршка на ЕУ и Советот на Европа, Агенција за остварување на правата на заедниците организираше Партиципативен форум во Скопје како дел од консултативниот процес за зајакнување на дијалогот и градење доверба и соработка меѓу јавните институции и здруженијата на заедниците што живеат во РСМ. Форумот беше посветен на Акциският план за унапредување на правата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, при што беа отворени значајни прашања и беа изнесени конструктивни предлози и идеи насочени кон негово дополнително унапредување, со цел подобрување на состојбата на помалубројните заедници.

Дел од присутните невладини организации изнесоа свои коментари по однос на Акциският план за унапредување на правата на припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, кои дополнително беа проследени до експертите и одговорните лица задолжени за негова изработка и финализација.

ВД. Директор

Далибор Китановиќ